# СТРАТЕШКИ ПЛАН

на Одделението за внатрешна ревизија во

*ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР*

---

за периодот

*2024-2026 година*

*Декември, 2023 година*

*Демир Хисар*

**Содржина**

I. ВОВЕД

1.1. Преглед

1.2. Организациска структура и обем на работа на внатрешната ревизија

II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

2.1. Цели и приоритети на институцијата и институциите во надлежност

2.2. Очекувани промени во институцијата и институциите во надлежност

2.3. Состојба на системот за финансиско управување и контрола

III. ЦЕЛИ ЗА ЕДИНИЦИ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

IV. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ НА РЕВИЗИЈА

V. ОЦЕНКА НА РИЗИК

5.1. Пристап до проценка на ризик

5.2. Фактори на ризик

5.3. Резултати од проценката на ризик за целите на стратешко планирање

VI. ПРИОРИТЕТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ ВО ПЕРИОДОТ

6.1. Врската на приоритетни области за ревизија со спроведената анализа

6.2. Листа на приоритетни области за ревидирање со распоред за ревидирање

VII. Кадровски потреби на единицата за внатрешна ревизија

VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКАТА СО ГОДИШНИОТ ПЛАН

IX. ЗАКЛУЧОК

# I. ВОВЕД

## 1.1. Преглед

Овој Стратешки план ги содржи најважните цели, приоритети и активности на внатрешната ревизија на општина Демир Хисар за периодот 2024-2026 година.

Целите и активностите на внатрешната ревизија се во согласност со целите и приоритетите на општина Демир Хисар и институциите во надлежност за кои се врши внатрешна ревизија, а кои се вклучени во Планот за развојни програми за 2024 г., Програма за уредување на градежното земјиште во Демир Хисар, Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар, Планот за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола, Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општината, Програмата за управување со отпад, Програмата за дезинсекција, дератизација и контрола на популација на кучиња скитници во општина Демир Хисар, Програми за активности на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита, во областа на здравствената заштита, во областа на млади и спорт, програми за активности на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации, Програма за одржување на јавното осветлување, Програма за вршење на работи за одржување на јавна чистота, Програма за работа на ЈКП, Годишни програми за работа на општинските основни и средни училишта, детска градинка и дом на културата.

Стратешкиот план се базира на проценка на ризикот и е во согласност со Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/2010), Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр 113/2014), како и Насоките за подготовка на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија објавени на веб страната на Министерството за финансии.

Стратешкиот план се однесува за период 2024-2026 година и претставува ажурирана верзија на претходниот Стратешки план за периодот 2023-2025 година.

Причините за ажурирањето на Стратешкиот план се:

-промени во работењето, кои може да се случат по настанување промени во законската регулатива кои влијае на работењето на институцијата и институциите во надлежност;

-анализа на ризик и ризичните области на надлежностите кои произлегуваат од Стратешките и оперативните програми во рамките на дејностите кои ги извршуваат и директно придонесуваат за остварување на стратешките цели и приоритети на општината како и вонредни програми кои се доверени на општината и се составен дел на буџетот на општината;

-Анализа на ризик за програмите, придружните проекти и активности, како и функционални процеси врз основа на кои се реализираат планираните програми,активности и проекти во програмата за општината за 2024 година и проекциите за следните две години

## 1.2. Организациска структура и опфат на работа на внатрешната ревизија

Внатрешната ревизија е независна активност на давање објективно уверување и совет, воспоставена со цел да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на субјектот. Таа помага субјектот да ги исполни своите цели, применувајќи систематски, дисциплиниран пристап за процена и подобрување на ефективноста во процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето;

Согласно Правилникот за внатрешна организација на општинската администрација на општина Демир Хисар бр. 17-35/7 од 29.01.2016 година и измените и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина Демир Хисар бр.01-1035/1 од 14.11.2019 година систематизирано е посебно одделение за внатрешна ревизија со две работни места и тоа: Раководител на Одделението и Помлад соработник-внатрешен ревизор. Пополнети се двете систематизирани работни места.

Единицата за внатрешна ревизија- Одделение за внатрешна ревизија во општина Демир Хисар е организирана да ја врши функцијата на внатрешна ревизија во општина Демир Хисар и институциите во надлежност согласно листата која е содржана во прилог на Стратешкиот план.

**Листа на институции во надлежност на општина Демир Хисар во кои се врши внатрешна ревизија:**

1. ЈОУДГ „Втори септември“ Демир Хисар
2. ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар
3. ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван
4. ООУ „Даме Груев“ с.Смилево
5. СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар
6. Дом на Културата „Илинден“ Демир Хисар
7. ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар
8. ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар

ЕВР спроведува внатрешна ревизија во субјектот од јавниот сектор, единките корисници, сите структури, програми, активности и процеси, вклучувајќи ги и оние на корисниците на средства од ЕУ фондовите, како и кај правните и физички лица со кои субјектот кај кој се врши внатрешна ревизија има деловни односи и кои користат јавни средства.

## II. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА

Стратешкиот план за периодот 2024-2026 година е изготвен врз основа на извршениот преглед на целите и приоритетите на институцијата и институциите во надлежност, како и состојбата на развиеноста на системот за финансиско управување и контрола. Прегледот се заснова на информациите собрани преку анализа на стратешките документи, анализа на програмите содржани во буџетот, анализа на финансиските планови, одговори на прашалници, состаноци и разговори со раководството, резултати од анализата на друга документација што е јавно достапна или од други извори и анализа на документацијата во врска со состојбата на системот на внатрешна контрола.

## 2.1. Цели и приоритети на институцијата и институциите во надлежност

Општина Демир Хисар ги има донесено стратешките документи: Интегриран план за локален развој на општина Демир Хисар за период 2019-2022, Стратегија за туризам со акционен план за период 2021-2024 и Урбанистичка ревизија за општина Демир Хисар изработена во септември 2018 година. Другите стратешките документи со кои располага се со помината важност (Стратешкиот план за ЛЕР за периодот 2008-2013 година, Стратешки план за енергетска ефикасност за период 2013-2015 година, План за управување со отпад за период 2013- 2017 година).

Дефинираните стратешки приоритети и цели во функционирањето на општина Демир Хисар се пренесени и во новите стратешки документи. Во донесените годишни планови и програми за работа се опфатени следните области:

- Економија (создавање поволна клима за развој на постоечките бизниси, поттикнување за отварање на нови мали и средни претпријатија, унапредување на туризмот, привлекување на инвеститори , меѓународна соработка).
- Инфраструктура ( комунална , сообраќајна, енергетска инфраструктура)
- Социјална и здравствена заштита ( помош и згрижување на социјални случаи, соработка со НВО секторот на заеднички проекти, грижа за здравјето, превенција од болести)
- Општествените дејности (развој, подобри услови и квалитетно образование, подобрување на условите за спорт и рекреација, заштита на културното наследство)
- Животна средина (подобрување, зачувување на околината, намалување на загадувачите, систем за управување со отпад)

Целите и активностите на внатрешната ревизија се во согласност со целите и приоритетите на Општина Демир Хисар и институциите во надлежност за кои се врши внатрешна ревизија, а кои се вклучени во стратешките документи, Буџетот на општината, оперативните планови (годишен план за работа, план за одржување, план за јавни набавки, план за вработување и.тн) на единките корисници и јавните претпријатија во надлежност на општината, финансиските планови на единките корисници и јавните претпријатија во надлежност на општината;

Буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година ги содржи следните програми:

- А0-Совет на општина,
- D0-Градоначалник,
- Е0- Општинска администрација,
- ЕА-Капитални трошоци на општината,
- F1-Урбанистичко планирање,
- Ј2 –Одржување и чистење на канали за отпадни води,
- Ј3-Јавно осветлување,
- Ј4-Јавна чистота,
- Ј6-Одржување и заштита на локални улици и патишта,
- Ј8-Други комунални услуги,

- JD -Изградба и реконструкција локални улици и патишта,
- JG- Изградба на системи за водоснабдување ,
- JИ- Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води,
- JN-Урбана опрема (капитални расходи),
- JF-Изградба на сообраќајна сигнализација,
- К1- Библиотекарство,
- К2-Музичка и сценско –уметничка дејност,
- К3-Музичка и книжевна дејност,
- К4-Културни манифестации и творештво,
- L0-Спорт и рекреација,
- МВ-Прекугранична соработка,
- N1-Основно образование,
- N2-Средно образование,
- Q0-Заштита и спсување,
- В1-Детски градинки,
- W0-Противпожарна заштита,
- X1-Родова еднаквост.

Советот на Општина Демир Хисар ги носи следните годишни програми и тоа: План на програми за развој, Програма за работа во областа со градежното земјиште во сопственост на РМ на подрачјето на општината, Програма за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Демир Хисар, Програма на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, Оперативна програма за одржување на локална патна мрежа во зимски и летни услови во општината, Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Демир Хисар и Програма за одржување на јавното осветлување на подрачјето на општина Демир Хисар.

Во надлежност на општина Демир Хисар се две јавни претпријатија, еден дом на култура, една детска градинка, три основни училиште и едно средно училиште. За својата работа тие донесуваат годишни програми.

**ООУ„Гоце Делчев“ Демир Хисар** во годишната програма за работа во 2024 година ги предвидува следните активности:

-јакнење на капацитетите на наставниот кадар

-опремување на училиштето и подобрување на квалитетот на наставата со современи средства и помагала

-подобрување на условите за работа и естетскиот изглед на училиштето

-организирано остварување на интересите на учениците преку ученичките тела и јакнење на нивната иницијативност за преземање на активности за позитивни промени

**ООУ„Браќа Миладиновци** “ с.Жван во годишната програма за работа во 2024 година ги предвидува следните задачи:

-подобрување на воспитно образовниот процес

-унапредување на просторните услови за работа

-унапредување на процесот на инклузија на децата со ПОП

-подигнување на степенот на безбедност на учениците во просториите на училиштето

**ООУ„Даме Груев“ с.Смилево** во годишната програма за работа во 2024 година ги предвидува следните задачи:

-подобрување на услови за работа

-набавка на наставни, надгледни средства и стручна литература

-професионален развој на наставниците

**СОУ„Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар** во годишната програма за работа во 2024 година ги предвидува следните цели:

-стекнување знаења, умеења и навики

-развивање на интересите , способностите и творештвото кај младите

-запознавање со личните права и обврски

-оспособување за продолжување на образованието, односно вклучување на работа

-подготвеност за промени и онлајн настава

-збогатување на библиотечниот фонд

-подобрување на редовноста на учениците и наставниците

**ЈОУД Детска градинка „Втори септември“ Демир Хисар** во годишната програма за 2024 година ги утврдува следните цели:

-целосно искористување на постојниот кадар и простор,

-обука за родителите чии деца не посетуваат градинка,

-организирање на педагошко-психолошки советувалишта за родители кои имаат деца со некаква попреченост во развојот,

-континуирано стручно усовршување и едукација на стручниот кадар,

-поквалитетни услови за престој на децата,

-организирање на патувачка градинка во помалите и ридскопланинските места,

-поголемо вклучување на стручни соработници во работата на установата.

**2.2. Очекувани промени во институцијата и институциите во надлежност**

Очекуваните промени во работењсто на институцијата и институциите во надлежност кои имаат или би можеле да имаат релевантно значење за функционирањето на институцијата и институциите во надлежност би се однесувале на измени или дополнување на програмски зацртаните цели во буџетот, имено доколку се обезбедат дополнителни финансиски средства од други извори, фондови, донации, грантови, тогаш ќе може да се реализираат и некои капитални проекти.

**2.3. Состојба на системот на финансиско управување и контрола**

Надлежните органи за управување и раководење со субјектот имаат обврска за преземање мерки, политики и конкретни активности за пропишување на подзаконските и интерните акти, донесување и имплементација на процедурите за финансиско управување и контрола (планирање, извршување, мониторинг и известување) кои претставуваат предуслов за воспоставување на финансиско управување и контрола.

Од страна на раководството на општината делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на ФУК за непречено остварување на целите на субјектот.

Постојат можности за подобрување на функционирањето и развојот на системот на ФУК во делот на преземање на конкретни мерки и конкретни активности за изготвување на стратешки план на општината, изготвување и усвојување на стратегија за управување со ризици, носење на пишани процедури и нивна доследна примена во функција на воспоставување на систем на ФУК кој ќе придонесе за непречено реализирање на целите на субјектот.

Општина Демир Хисар нема изготвено стратегија за управување со ризиците, нема пишани процедури за дел од работните процеси.

## III. ЦЕЛИ НА ЕДИНИЦИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Земајќи ги предвид целите и приоритетите на институцијата и институциите во надлежност, степенот на развиеност на финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија во наредниот тригодишен период планира да го реализира следното:

1. Придонес во намалување на негативните наоди на внатрешната ревизија во областа на управувањето со имотот

2. Зајакнување на системот за управување и контрола за потребите на рационализација во работењето, остварување на можни заштеди за одредени категории на расходи, поголеми можности за користење на ЕУ фондовите и слично.

3. Препораки за подобрување на системот на внатрешни контроли активно следење на примена на овие контроли од страна на раководството и следење на ефектите од спроведувањето на препораките

4. Иницијатива за донесување на стратешки и интерни документи и нивно навремено ажурирање

5. Зголемување на успешноста и постигнување на ефектите во извршувањето на програмите за работите од надлежност на општината

6. Зајакнување на капацитетот на Одделението за внатрешна ревизија преку посети на обуки, следење на законската регулатива, подобрување на техничката опременост и условите за работа и доекипирање на одделението.

## IV. Потенцијални области на ревидирање

Пристапот кој внатрешната ревизија го користеше за утврдување на потенцијалните областина ревидирање е комбинираниот пристап:

- утврдени заеднички хоризонтални процеси кои се спроведуваат во сите организациони единици во сите институции од надлежност,
- утврдени се програми и капитални проекти кои се планира да се реализираат во текот на периодот опфатен со стратешкиот план,
- утврдени се основните функции во надлежност на општина Демир Хисар.

Потенцијалните области за ревидирање утврдени од одделението за внатрешна ревизија на општина Демир Хисар се следните:

1. Систем на финансиско управување и контрола
2. Процес на донесување на буџет
3. Процес на администрирање на даноците и комуналните такси
4. Процес на изготвување на финансиските извештаи
5. Процес на сметководствено евидентирање
6. Процес на плаќање
7. Процес на јавните набавки
8. Процес на пресметка на плати
9. Процес на благајничко работење
10. Процес на безготовинско плаќање
11. Процес на подготовка на седници на совет
12. Процес на архивско работење
13. Легализација на бесправно изградени објекти
14. Продажба на општински имот
15. Процес на ракување и чување на документите
16. Процес на вработување
17. Промоција на општината
18. Систем на внатрешни контроли кај општинските буџетски корисници
19. Процес на издавање на градежни дозволи
20. Процес на финансиското работење на општинските буџетски корисници
21. Стопанисување со општинскиот имот
22. Спроведување на попис

## V. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

### 5.1. Пристап во утврдувањето на ризикот

При утврдување на ризиците на ниво на потенцијалните области на ревидирање се користени следните извори на информации:

-разговори со раководството и прибирање на информации за потешкотиите и проблемите на работењето,

-анализа на стратешките и оперативните планови на општина Демир Хисар и институциите единки буџетски корисници,

-анализа на ревизорските извештаи и извештаите од другите инспекциски служби,

-функционална анализа на активности, програми, проекти и сл.

### 5.2. Фактори на ризик

При оценувањето на влијанието и веројатноста од ризикот беа разгледани следниве фактори на ризик:

-финансиски значајни области ( капитални инвестиции, вложувања во комунални дејности)

-финансиски трендови ( пад на продажни цени, одложено плаќање, задолжување)

-сложеност на системите ( реализација на проекти, јавни набавки)

-постигнати стандарди (одржување на постигнатите стандарди)

-организациони и стратешки цели ( вработување стручни и специјализирани лица)

### 5.3. Резултати од проценката на ризикот за потребите на стратешкото планирање

| ОБЛАСТ | РИЗИК | НИВО НА РИЗИЧНОСТ |
|---|---|---|
| 1.Систем на финансиско управување и контрола во работењето на Општината и сите институции под надлежност на Општина Демир Хисар | -немање на стратегија за управување на ризици | Високо |
| | -невоспоставен систем на интерни контроли при превземањето на обврски и вршење на плаќањето | Високо |
| | -невоспоставен систем на интерни контроли за прибирањето на сопствените приходи | Високо |
| | -немање на пишани процедури за поважните работни процеси | Средно |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Процес на донесување на буџетот | -нереален и нефункционален буџет кој ќе овозможи неефикасно работење на општината | средно |
| 3.Процес на администрирање на даноците и комуналните такси; | -неправилно задолжување ќе предизвика нереална состојба, намалени приходи, нецелосна наплата | Високо |
| 4.Процес на изготвување на извештаи | -Добивање на погрешни информации за состојбата на општината | Средно |
| 5.Процес на сметководствено евидентирање | -Да се евидентира несоодветна документација или ненавремено евидентирање | средно |
| 6.Процес на плаќање | -Исплаќање на средства на несоодветен добавувач<br>-Исплаќање на средства двојно<br>-Исплаќање на средства за неизвршена работа | Средно<br>Средно<br>средно |
| 7.Процес на јавните набавки | -надминување на вредноста на договорот<br>-набавка по цени кои не се во договорот<br>-набавка на количини кои ги надминуваат договорените количини<br>-набавки или изградба на нешто што не е договорено | Средно<br>Средно<br>Високо<br>Високо |
| 8.Процес на пресметка на плата | -Грешки при внесот на параметрите за пресметка на плати | Високо |
| 9.Процес на благајничко работење | -исплаќање на средства од касата врз основа на некомплетни и | Средно |

| | | |
|---|---|---|
| | неверодостојни документи | |
| 10.Процес на безготовинско плаќање | исплаќање на средства врз основа на некомплетни и неверодостојни документи | средно |
| 11.Процес на стопанисување со општинскиот имот | Ненавремена и погрешна евиденција | Средно |
| 12.Финансиското работење на сите општински градинки, училишта и ЈП | -недобивање на веродостојна и реална слика за состојбата на институцијата | Високо |

## VI. ПРИОРИТЕТИ НА РЕВИДИРАЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ 2024-2026 ГОДИНА

Врз основа на извршените анализи за потребите од изработка на Стратешки план, проценетата ризичност на потенцијалните области на ревидирање и по извршената консултација со раководството, утврдена е листа на приоритети на ревидирање за периодот 2024-2026 година.

### 6.1. Врска помеѓу приоритетните области за ревидирање со спроведените анализи

*Табела 1: Врска на приоритетните области на ревизија со спроведените анализи и проценката на ризиците*

| **ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ** | | ***ЛИНКОВИ/ВРСКИ*** | | | | | | | | ***ЦЕЛИ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Придонес на стратешките приоритети | Национална Програма за реформи | Финансиска значајност | Управување и користење на ЕУ средства | Наоди на надворешната ревизија (ДЗР, Ревизорско тело) | Ниво на ризичност | Барање на раководството | Останато | |
| **1.** | **Следење на спроведувањето на препораките дадени во ревизорските извештаи во 2023 година** | **X** | | **X** | | | **X** | | | **Законско работење на ревидираните субјекти** |
| **2.** | **Ревизија напроцесот на управување со ризиците при работењето во Општина Демир Хисар** | **X** | | **X** | | | **X** | | **X** | **Зајакнување на системот на управување и контроли на ревидираните субјекти и усогласеност со зак.регулатива** |
| **3** | **Процес на легализација на бесправно изградени објекти во општина Демир Хисар** | **X** | | **X** | | | **X** | **X** | | **Зајакнување на системот на управување и контроли на ревидираните субјекти и усогласеност со зак.регулатива** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Ревизија на усогласеност на финансиските извештаи за 2023 година на ЈП„Дехи транс“ Демир Хисар | X | | X | | | X | X | | Зајакнување на системот на управување и контроли на ревидираните процеси и усогласеност со законската регулатива |
| 5. | Анализа на расходите во ЈОУДГ „Втори септември“ Демир Хисар | X | | X | | | X | | | Зајакнување на системот на управување и контроли на ревидираните субјекти и усогласеност со зак.регулатива |
| 6. | Ревизија на процес на плаќање на обврски во ОУ„Браќа Миладиновци“ с.Жван Демир Хисар | X | | X | | | X | X | | Зајакнување на системот на управување и контроли на ревидираните субјекти и усогласеност со зак.регулатива |
| 7. | | X | | X | | | X | X | | |

## 6.2. Листата на приоритетни области за ревидирање со распоред на ревидирање

*Табела 2: Преглед на приоритетните области за ревидирање за 2024-2026година*

| ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ | | 2024 | 2025 | 2026 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Следење на спроведувањето на препораките дадени во ревизорските извештаи во 2023 година | x | | |
| 2. | Процес на управување со ризиците во општина Демир Хисар | x | | |
| 3. | Процес на легализација на бесправно изградени објекти во општина Демир Хисар –предмети решени во 2022,2023 и 2024 година | x | | |
| 4. | Усогласеност на финансиските извештаи за 2023 во ЈП„Дехи транс“ Демир Хисар | x | | |
| 5. | Анализа на расходите во ЈОУДГ „Втори септември“ Демир Хисар | x | | |
| 6. | Процес на плаќање на обврските во ОУ„Браќа Миладиновци“с.Жван | x | | |
| 7. | Следење на спроведувањето на препораките дадени во ревизорските извештаи во 2024 година | | x | |
| 8. | Извршување на програма за социјална заштита на општина Демир Хисар | | x | |
| 9. | Систем на внатрешни контроли при безготовинските плаќања во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар | | x | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | **Систем на внатрешни контроли при безготовинските плаќања во ОУ„Гоце Делчев“Демир Хисар** | | x | |
| 11. | **Следење на спроведувањето на препораките дадени во ревизорските извештаи во 2023 година** | | | x |
| **12.** | **Процес на утврдување и прибирање на приходите на општината** | | | x |
| 13. | **Процес на пресметка и исплата на плати на вработени во општината** | | | x |
| **14.** | **Ревизија на финансиско работење во ЈКП „Комуналец“ Д- Хисар** | | | x |
| 15. | **Финансиско работење во основните училишта** | | | x |
| **ВКУПНО РЕВИЗИИ** | | 6 | 4 | 5 |

## VII. КАДРОВСКИ ПОТРЕБИ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Со споредување на потребите за ресурси со вистинскиот број на внатрешни ревизори во ЕВР произлегува дека ЕВР има доволно ресурси за исполнување на целите на овој Стратешки план.

Обемот на стратешкиот план е прилагоден на кадровските капацитети на Одделението за внатрешна ревизија.

## VIII. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН И ВРСКИТЕ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН

Стратешкиот план се прегледува и ажурира секоја година со што би ги одразил релевантните промени до кои се доаѓа во целите, приоритетите и активностите на Општина Демир Хисар и резултатите на спроведените проценки на ризикот.

По завршувањето на третата година за периодот опфатен со овој Стратешки план, внатрешна ревизија ќе ја повтори сеопфатната проценка на ризикот.Одговорното лице на институцијата ја одобрува секоја промена на Стратешкиот план.

Стратешкиот план е почетна основа за изготвување на Годишниот план за внатрешна ревизија.

## IX. ЗАКЛУЧОК

Одделението за внатрешна ревизија со реализирањето на планираните активности во рамки на Стратешкиот план за внатрешна ревизија за период од 2024-2026 година ќе овозможи остварување на утврдените цели. Активностите од стратешкиот план се утврдени врз основа на реална проценка на ризиците и водат кон воспоставување и зајакнување на ефикасен и ефективен систем на внатрешна контрола, особено во однос на подобрување на можностите за рационализација на трошоците, воведувањето и примената на стандардите и критериумите за одредени процеси, како и имплементација на препораките за подобрување на процесите на целиот систем.

Бр. 16-1188/4

Датум: 12.12. 2023 година

| Раководител на<br>одд.за внатрешна ревизија<br>Валентина Павловска | Градоначалник на<br>општина Демир Хисар<br>Никола Најдовски |
|---|---|